Врз основа на член 36, став (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 14, став (1), точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 08/14, 02/18, 3/19, 08/21, 01/23 и 05/23), а во врска со Одлука бр.09-2379/21 од 22.05.2023 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.6/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 31.08.2023 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**за кофинансирање на проект**

**„ Подобрување на животот на жителите во руралните средини „**

Член 1

За потребите на реализација на проектот: „**Подобрување на животот на жителите во руралните средини**„ одобрен во Првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни објекти, во рамки на Фондот за техничка документација спроведуван од УНДП и Бирото за регионален развој, Општина Крива Паланка е согласна да ко-финансира средства од Буџетот на општината во висина од 402.755.оо денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 3991/45**
**31.08.2023год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**Одлука за објавување на за кофинансирање на проект**

**„ Подобрување на животот на жителите во руралните средини „**

1.Се објавува Одлука за кофинансирање на проект „ Подобрување на животот на жителите во руралните средини „што Советот ја донесе на 29-та седница, одржана на ден 31.08.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3991/46**
**01.09.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 14, став (1), точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 31.08.2023 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За давање на приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ**

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ, согласно Одлука на Владата бр.41-7125/5 од 25.07.2023 година за склучување на Анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата на Договор за концесија склучен со ТАВ, и тоа:

-Реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје - Градечки Мост, Општина Крива Паланка, со вкупна проектирана вредност од 10.369.268 денари.

-Реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје - Соларски Мост, Општина Крива Паланка, со вкупна проектирана вредност од 2.563.258,31 денари.

Член 2

Со оваа Одлука престанува да важи член 1, став (1), алинеја 1 од Одлуката бр.09-2631/63 од 30.08.2021 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3991/47** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**31.08.2023 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**Одлука за давање на приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ**

1.Се објавува Одлука за давање на приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ „што Советот ја донесе на 29-та седница, одржана на ден 31.08.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3991/48**
**01.09.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став (1), точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 31.08.2023 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За давање на приоритет за реализација на проекти**

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет за реализација на проекти од Програмата **„Водоснабдување и одведување на отпадни води”** со користење на грант средства од Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ и Европска Инвестициона Банка во вредност од 964.297,оо евра наменети за Општина Крива Палланка, за следниве проекти:

-Реконструкција и доградба на водоснабдителен систем во с. Конопница (Вирови-Грамаѓе);

-Изградба на примарен водоводен систем за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен;

-Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Дурачка Река (нас.„8-ми октомври“ над Маневски Мост).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3991/49**
**31.08.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**Одлука за давање на приоритет за реализација на проекти**

1.Се објавува Одлука за давање на приоритет за реализација на проекти „што Советот ја донесе на 29-та седница, одржана на ден 31.08.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3991/50**
**01.09.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002), член 99 став (1) алинеја 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19) и член 14 став (1) точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 31.08.2023 година донесе:

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2023 ГОДИНА

**Вовед**

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
    - Законски основ
    - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

**Глави на Програмата**

- **Цели на Програмата**

- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

- **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**

- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Детален преглед на градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање односно (групирани по предвидена активност)

- **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

- **Динамика на реализација на Програмата**

- Временски период за објавување на огласите
- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата

- **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

- **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

- **Преодни и завршни одредби**

**Содржина и теми во Програмата**

**ВОВЕД:**

**Општ дел**

Со донесување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она шето е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Сееверна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Крива Паланка дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2023 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

- ДУП за дел 1 од урбан блок11 Крива Паланка КО Крива Паланка бр.07-3594/15 од 31.12.2013 година
- Извод од урбанистички проект со план за парцелација на градежни парцели на ГП 1.6 потврда бр.29-1609/4 од 06.07.2023 год.

- ЛУПД за изградба на туристичко-угостителски комплекс на КП379 КО Б`с на локалитет до „Езерце“ во Општина Крива Паланка со Решение бр.29-1724/15 од 24.12.2014 година
- АУП за КП379 за локалитет „до Езерце“ во КО Б`с со потврда на заверка на АУП бр.29-116/5 од 11.04.2017 година,

Извод од урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена Б5 хотелски комплекси на Г.П 1.1 ГП1.1.2, ГП 1.1.3 од АУП за дел од КП 739 локалитет Езерце, КО Бс потврда бр.29-1608/3 од 20.06.21023 год.

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19) и Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23).

- **Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- Родово одговорна стратегија за одржлив развој на општина Крива Паланка 2022-2027
- Социјален план на општина Крива Паланка 2021-2024 година
- Стратегија за управување со ризиците на Општина Крива Паланка
- Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце
- Стратегија за млади на општина Крива Паланка за 2019-2024
- Основен урбанистички план на град Крива Паланка донесен со одлука бр.02-2207/1 од 16.07.1976 година
- ГУП за град Крива Паланка со одлука бр.07-1529/23 од 17.06.2014 година,
- Одлука за донесување на измени и дополни на ДУП Лев Брег со одлука бр. 08-1111/1 од 13.04.1999 година
- ДУП за дел1 од урбан блок11 со одлука бр.07-3594/15 од 31.12.2013 година,
- ДУП за дел 1 од урбан блок11 Крива Паланка КО Крива Паланка бр.07-3594/15 од 31.12.2013 година
- Извод од урбанистички проект со план за парцелација на градежни парцели на ГП 1.6 потврда бр.29-1609/4 од 06.07.2023 год.
- ЛУПД за изградба на туристичко-угостителски комплекс на КП379 КО Б`с на локалитет до „Езерце“ во Општина Крива Паланка со Решение бр.29-1724/15 од 24.12.2014 година
- АУП за КП379 за локалитет „до Езерце“ во КО Б`с со потврда на заверка на АУП бр.29-116/5 од 11.04.2017 година
- Извод од урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена Б5 хотелски комплекси на Г.П 1.1 ГП1.1.2, ГП 1.1.3 од АУП за дел од КП 739 локалитет Езерце, КО Бс потврда бр.29-1608/3 од 20.06.21023 год.
- Други стратешки документи.

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

- Име, презиме, професија и функција на сите лица од проектниот тим за изработка на Програмата: Мартин Николовски – Секретар на Општина Крива Паланка, Маја Костадиновска – Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, Никола Граматиков – Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура, Даниела Велковска - Раководител на Одделение за општи и правни работи.
- Име, презиме, професија и функција на сите останати лица консултирани или инволвирани во изработка на Програмата: Марија Златановска-Раководител на Одделение за финансиски прашања. Игор Додевски – Раководител на Одделение за човечки ресурси Бранко Велиновски – Раководител на Одделение за инспекциски надзор, Антонио Давитковски - Раководител на Одделение за локален економски развој и др.

**ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:**

## I. Цели на Програмата

**- Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

**- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

## II. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање:

| Број на Градеж на парцел а | Урбанистичка планска и проектна документација | Број на катастарска парцела | Максимална висина до венец (м) | Површина на градежна парцела ($м^2$) | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност | Површина за градење ($м^2$) | Вкупно изградена површина на сите катови | Катност | Намена | Почетна цена во денари по 1м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГП бр. 1.6.1 | УП со план за парцелација за формирање на градежни парцели на ГП1.6 со Потврда : бр.29-1609/4 од 06.07.2023 година | Дел од КП 3784/1 | 10.20 | 5708, 25 | 35,45% | 0,71 | 2024 | 4048 | П+1 | Г2 лесна и незагадувачка индустрија | 61,оо | 408.456,оо |
| ГП 1.1.1 | урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена Б5 хотелски комплекси 29-1608/3 од 20.06.2023 | Дел од КП379 | 10,20 | 8602, 05 | 26% | 0,72 | 2200 | 6200 | П+2 | Б5 хотелски комплекси | 61,оо | 524725 |
| ГП | урбанис | Дел од | 10.20 | 9741, | 23% | 0,64 | 2200 | 6200 | П+2 | Б5 | 61,оо | 594233 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.2 | тички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена Б5 хотелски комплекси 29-1608/3 од 20.06.2023 | КП379 | | 52 | | | | | | хотелски комплекси | | |
| ГП 1.1.3 | урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена Б5 хотелски комплекси 29-1608/3 од 20.06.2023 | Дел од КП379 | 10.20 | 9727, 20 | 23% | 0,64 | 2200 | 6200 | П+2 | Б5 хотелски комплекси | 61,оо | 593359 |

**III. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- **Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели**

Целните групи ќе бидат дефинирани во зависност од типот на објекти кои ќе се градат на различните локации кои ги предвидува Општина Крива Паланка. Во основа, Општина Крива Паланка градежното земјиште ќе го насочува кон Бизнис секторот.

Бизнисмените се пред се заинтересирани за локации за градежно земјиште на кои можат да градат производни капацитети и објекти за туризам.

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**

Општина Крива Паланка има развиен систем на информирање на граѓаните во поглед на различни активности на локалната самоуправа. Голем дел од тие алатки ќе се искористи и за промоција на градежното земјиште со цел успешно менаџирање со истото. За маркетинг пристап, Општина Крива Паланка ќе ги искористи следниве алатки:

**- Електронски билтен** (преку кој се пласираат информации до медиумите и граѓаните, и се добиваат сервисни информации за работата на локалната самоуправа). Во е-билтенот ќе бидат објавувани конкурсни информации кои ќе содржат време, локација, цена и други параметри.

**- Веб страна на Општина Крива Паланка**. На веб страницата на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk) на која ќе се објавуваат сите локации за отуѓување на градежно земјиште со цел привлекување на инвеститори и купувачи. Исто така и во делот за соопштенија на веб страницата на локалната самоуправа, ќе бидат објавувани огласи кои подолготрајно ќе траат во зависност од терминот на објава.

- **Огласи во локалните медиуми**. Крива Паланка има воспоставено пракса на објавување на содржини од конкурсен карактер за потребите на локалната самоуправа во локалните медиуми: радио и телевизија. Ова нуди можност, подолгорочно да се најавуваат огласи за градежното земјиште со конкретни локации, цени, опфат, намена и слично, вклучително и фотографски опис на локацијата.

**- Информативни прилози за продажба на градежно земјиште на локалните телевизии.** Како дел од соработката со локалните медиуми, менаџирањето на градежно земјиште ќе биде популаризирано и преку информативни прилози во вестите и останатите информативни содржини на локалните медиуми.

**- Средби со граѓаните во урбаните заедници.** Користење на активностите на урбаните заедници за поголема информираност на граѓаните за одредени активности во врска со менаџирањето на градежно земјиште. Со оглед на зголемениот степен на функционирање на урбаните заедници, се овозможува и подетална информираност до сите жители од одредена област во кој круг влегуваат потенцијални купувачи и инвеститори.

**- Печатење на флаери со одредени локации за продажба.** за информирање на граѓаните за одредени акции или активности на локалната самоуправа.

**- Настап на локални медиуми** За подетално информирање, со цел пласирање на повеќе информации за градежното земјиште кое е предмет на продажба, Општина Крива Паланка преку државните службеници кои работат на оваа материја и ќе извршат презентација со сите информативни податоци за граѓаните за одредени парцели.

- **Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата**

Опфатот и трошоците зависат од наведените маркетинг пристапи, алатки и канали. Во најголем дел станува збор за бесплатна содржина која е дел од редовната активност на вработените во локалната самоуправа (дневен е-билтен, веб страница, средни низ урбаните заедници) или пак огласни - конкурсни содржини на локалните телевизии кои се дел од воспоставената комерцијална соработка. Дополнителни трошоци можат да постојат единствено кај печатењето на флаери со намена за продажба на одредени локации.

- **Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата**

Маркетинг стратегијата ќе се имплементира уште пред официјалното излегување на објавите во дневниот печат, во соработка со одделението за урбанизам при Општина Крива Паланка. Согласно програмата за располагање со градежно земјиште ќе биде изработен план на маркетинг активности со цел да се информира јавноста. Имплементацијата на маркетинг стратегијата ке се врши континуирано се до реализација на Програмата.

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата:
Мартин Николовски – Секретар на Општина Крива Паланка, Маја Костадиновска – Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, Даниела Велковска - Раководител на Одделение за општи и правни работи и Антонио Давитковски - Раководител на Одделение за локален економски развој.

## IV. Динамика на реализација на Програмата

- **Временски период за објавување на огласите**

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување на градежното земјиште се предвидува и можноста повеќе градежни парцели предмет на програмата да може да се предвидат во една објава.

Првата објава се планира во втората половина од 2023 год.

**Пропишување на условите за надавање**

Постапката за отуѓување или давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на РСМ по пат на јавно надавање се спроведува согласно со одредбите од Законот за градежно земјиште и тоа од чл.47 до чл.64.

Јавното наддавање е електронско со претходно дадена објава во два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и во „Службен весник на РСМ”

Интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање гласи: www.gradeznozemjiste.mk

За градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое е предмет на објавата, можат да се пријават за учество сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на градежно земјиште на територија на Република Северна Македонија согласно со закон, кои ги исполнуваат условите дадени во објавата. Рокот за поднесување на пријава за учество на јавното наддавање согласно со намената не може да биде пократок од 20 календарски дена ниту подолг од 60 дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријави.

Објавата за отуѓување меѓу другото задолжително содржи податоци за:

- обврската на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а депонираните средства на најповолниот понудувач нема да му бидат вратени и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно надавање за предметната градежна парцела,
- рокот за прибавување на одобрение за градење, како и рокот за изградба на објектот,
- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно со закон, минималниот чекор на зголемување на вредност по метар квадратен на градежното земјиште, дефинирање на почетокот и крајот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, рокот за враќање на уплатениот депозит, обврски за исплата на данокот на промет, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и
- други обврски што треба да ги исполни најповолниот понудувач, кои би биле утврдени со договорот за отуѓување.

- **Надлежност за реализацијата на Програмата**

Надлежност за подготовка и реализација на програмата имаат сите раководни лица во општината, а спроведување на постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија има Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање формирана од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка согласно Законот за градежно земјиште.

## V. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

Согласно на Табеларниот преглед на минимални почетни цени по метар квадратен по кои се отуѓува градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на јавно надавање од Уредба за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност („Службен весник на Република Македонија“ бр.163/16, 190/17, 201/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/21 и 99/22), минималниот прилив на средства по основ на продажба по основ на почетните цени за горенаведените парцели е следната:

- Спроведување на план за урбан блок 1 –лесна и незагадувачка индустрија 408.456,оо ден.
- Изградба на туристичко-угостителски комплекс на локалитет до „Езерце“ КО Бс вкупно за трите парцели 1.712.317 денари.

Вкупен прилив согласно почетни цени за наддавање изнесува 2.120.773,оо денари.

При проценката на финансиските приливи потребно е да се има во предвид дека согласно Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19) средствата од отуѓувањето и закупнината на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за Општините.

## VI. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште; (трошок за објавување на огласот во дневни весници-средства се обезбедени преку други програми во буџетот и општината има склучено договор за јавна набавка)
- трошоци по основ на експропријација; (нема трошоци)
- трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица, (нема трошоци)
- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште. (на Веб страна-нема трошоци)

Имајки ги во предвид парцелите кои се предмет на продажба во оваа програма и дека за нив од порано е изготвена целокупната урбанистичка и друга техничка документација со средства обезбедени преку други програми, не се очекуваат други посебни трошоци за таа намена кои би требало да се предвидат со оваа програма.

**7. Преодни и завршни одредби**

Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година ја усвојува Советот на Општината.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 3991/51**
**31.08.2023 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Крива Паланка**

**за 2023 година**

1.Се објавува Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година „што Советот ја донесе на 29-та седница, одржана на ден 31.08.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3991/52**
**01.09.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), а согласно Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 година, Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година и Програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2023 година, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 31.08.2023 година донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување**

**на јавни површини**

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-1975/23 од 23.05.2022 година, бр.09-3718/27 од 30.09.2022 година, бр.09-4665/63 од 09.12.2022 година и бр.09-1207/25 од 06.03.2023 година.

Во членот 2 став 1 од Одлуката по точката 11 се додаваат две нови точки 12 и 13 кои гласат:

„12. Локалитет под населба Единство кај колективни станбени објекти покрај Кеј на Крива Река на дел од КП3150 и на дел од КП3151/1 КО Крива Паланка каде според постоечкиот ДУП е со намена Б1-мали единици за комерцијални и деловни дејности, Д-зеленило, рекреација и меморијални простори и Е-инфраструктура и според постоечки ГУП е со намена А2-домување во згради.

13. Локалитет „Касарна“ на дел од КП3967/1 и на дел од КП3967/2 КО Крива Паланка каде според постоечкиот ДУП е со намена В7-државни институции за престој на луѓе во специјален режим и Е-инфраструктура и според постоечки ГУП е со намена А2-домување во згради, В1-образование и наука, В4-државни администрации и институции, Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Д3-спорт и рекреација на зелени површини.“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3991/53**
**31.08.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини**

1.Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини ,што Советот ја донесе на 29-та седница, одржана на ден 31.08.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3991/54**
**01.09.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 27 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр.32/20 и 111/23) и член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 08/14, 02/18, 3/19, 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 31.08.2023година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за утврдување на Нацрт план за Измена на дел од намenатаво Генерален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период**

**од 2021-2031**

Член 1

Се утврдува Нацрт план за Измена на дел од намената во Генерален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2021-2031.

Член 2

Границата на планскиот опфат за изработка на Измена на дел од намената во Генерален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка Општина Крива Паланка, е дефиниран со границите на блок 10А и тоа:

-од север граница на урбан блок 10А,

-од запад регулација на постоен дол,

-од југ оска на ул.„Св.Јоаким Осоговски“(ул.„Маршал Тито“),

-од исток регулација на дол.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 11,78ха.

Член 3

Нацрт план за Измена на дел од намената во Генерален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2021-2031, со технички број 28/21 од јули 2023 година, изработен од ДУПИ„Планерис“ДООЕЛ Куманово, и се состои од:

-тектуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата.

Член 4

Со донесување на оваа Одлука, Одлуката со број 09-3377/15 од 19.07.2023 година се става вон сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе биде објавено во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3991/55**
**31.08.2023год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување на Нацрт план за Измена на дел од наменатаво Генерален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка Општина Крива Паланка**

**со плански период од 2021-2031**

1.Се објавува Одлука за утврдување на Нацрт план за Измена на дел од наменатаво Генерален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2021-2031,што Советот ја донесе на 29-та седница, одржана на ден 31.08.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3991/56**
**01.09.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 27 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр.32/20 и 111/23) и член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 08/14, 02/18, 3/19, 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 31.08.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за утврдување на Нацрт план за измена и дополна на Детален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2021-2026**

Член 1

Се утврдува Нацрт план за Измена и дополна на Детален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка, согласно ГУП за град Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2021-2026.

Член 2

Границата на планскиот опфат за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка, согласно ГУП за град Крива Паланка Општина Крива Паланка, е дефиниран со следните граници:

-од север граница на урбан блок 10А,

-од запад регулација на постоен дол,

-од југ оска на ул.„Св.Јоаким Осоговски“(ул.„Маршал Тито“),

-од исток регулација на дол.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 117.777,14$м^2$ односно 11,78ха.

Член 3

Нацрт план за Измена и дополна на Детален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка, согласно ГУП за град Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2021-2026, со технички број 27/21 од август 2023 година, изработен од ДУПИ„Планерис“ДООЕЛ Куманово, и се состои од:

-тектуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата.

Член 4

Со донесување на оваа Одлука, Одлуката со број 09-3377/17 од 19.07.2023 година се става вон сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе биде објавено во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3991/57**
**31.08.2023год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување на Нацрт план за измена и дополна**

**на Детален Урбанистички План за блок 10АКО Крива Паланка Општина Крива Паланка**

**со плански период од 2021-2026**

1.Се објавува Одлука за утврдување на Нацрт план за измена и дополна

на Детален Урбанистички План за блок 10А КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2021-2026 ,што Советот ја донесе на 29-та седница, одржана на ден 31.08.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3991/58**
**01.09.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 31.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр.1931 во**

**КО Конопница, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

